# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕХНИЧКАТА ИНСПЕКЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.154 од 04.09.2015 година**

**Член 1**

Во Закон за техничката инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 88/2008, 119/10, 36/11, 136/11,164/13, 41/14, 33/15 и 61/15) во членот 20 став (1) зборовите: „како приоритетна" се бришат.

**Член 2**

Во членот 38 став 1 воведната реченица се менува и гласи:
„Глоба во износ до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, односно на трговецот поединец ако:"
Ставот 2 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на правното лице, односно на трговецот поединец ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец, за дејствијата од ставот 1 на овој член."
Ставот 3 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој член."
Ставот 4 се менува и гласи:
„За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата од став 1 на овој член на правното лице, односно на трговецот поединец, ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност, во траење од една до три години."
Ставот 5 се менува и гласи:
„За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата од став 2 на овој член на одговорното лице во правното лице, односно на одговорното лице во трговецот поединец, ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на работи сврзани со располагање, користење, управување и ракување со техничката опрема во траење до една година."
Ставот 6 се брише.

**Член 3**

По членот 38 се додаваат два нови члена 38-а и 38-б кои гласат:

**"Член 38-а**

За прекршоците утврдени во членот 38 од овој закон, на правното лице, односно на трговецот поединец, инспекторот пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка ќе спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.
Кога инспекторот ќе констатира прекршок од ставот 1 на овој член, составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува овластеното службено лице и сторителот.
Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глобата за прекршокот.По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од став 3 на овој член, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.
Инспекторите се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
Во евиденцијата од ставот 6 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
Личните податоци од ставот 7 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за економија.

**Член 38-б**

Одмерувањето на висината на глобите на правното лице односно на трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.”

**Член 4**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.‟

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за техничката инспекција.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.